Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за отпис на настанати долгови за комунална такса поради застареност и бришење од евиденција**

**1.Се објавува: Одлука за отпис на настанати долгови за комунална такса поради застареност и бришење од евиденција бр.16-902/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-912/1
01.07.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 8 од Законот за комуналните такси ("Службен весник на РМ" бр:61/04, 64/05, 92/07 и 123/12), член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр:5/02), а согласно член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр:6/06), и известувањето добиено од Централен регистар на РМ, Советот на општина Кратово, на седницата оддржана на 29.06.2015 година, донесе,

## О Д Л У К А

**за отпис на настанати долгови за комунална такса поради застареност и бришење од евиденција**

**Член 1**

Со Одлуката се врши отпис на настанатите долгови по основ на комунална такса за истакната фирма поради застареност и бришење од евиденцијата согласно известувањето од Централен регистар на РМ, на следните правни лица и тоа:

1. Занаетчија ОРИЦИН Милош Димитровски Кратово, дата на бришење 28.10.2014 износ од 4.000,00 денари,
2. ДПТУ РОЛО ДЕКОР ДООЕЛ увоз-извоз Кратово, дата на бришење 08.10.2014 година, износ од 8.000,00 денари,
3. ТП ПАНТА ЕЛЕ с.Железница, дата на бришење 01.12.2014 година, износ од 2.000,00 денари,
4. ДПТУ ЧУРУК ДООЕЛ увоз-извоз Кратово, дата на бришење 18.11.2014 година, заостанат долг 4.000,00 денари,
5. ДПТГУ ДРИВА ДООЕЛ с.Трновац , дата на бришење 11.11.2014, заостанат долг 4.000,00 денари,
6. ДТУ ОЦА-КОМЕРЦ,Благој,ДООЕЛ, увоз-извоз Кратово, дата на бришење 13.10.2014 , износ од 4.000,00 денари.

7. Занаетчија СТУДИО МИЛАН Кратово, дата на бришење 16.04.2014 година, заостанат долг 2.000 денари,
8. ДПТУ МЕРИ ОФИС ДООЕЛ увоз-извоз Кратово, дата на бришење 03.03.2014 година, заостанат долг 16.000,00 денари,

Вкупно заостанат долг 44.000,00 денари

**Член 2**

Основ за донесување на Одлуката е и службената евиденција на Одделението за финансиски прашања и книговодствената евиденција на даночните обврзници во кои е утврдена состојбата која е наведена претходно како и законските прописи наведени во воведот на Одлуката согласно податоците од Централниот регистар на РМ.

**Член 3**

Вкупната сума на ненаплатлив долг кој е предмет на отпис со оваа одлука изнесува 44.000,00 денари.

**Член 4**

Се задолжува службата за администрирање со локални даноци и такси на општина Кратово да ја спроведе одлуката.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16- 902/1 **Претседател**
29.06.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за пристапување на Општина Кратово како сооснивач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група ОСОГОВСКИ ЛИСЕЦ**

**1.Се објавува: Одлука за пристапување на Општина Кратово како сооснивач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група ОСОГОВСКИ ЛИСЕЦ бр.16-903/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-913/1 **Градоначалник**
01.07.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/2002), и член 15 став 1 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/2010), а во врска со член 12 од Статутот на Општина Кратово ("Службен гласник на Општина Кратово бр 6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за пристапување на Општина Кратово како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група ОСОГОВСКИ ЛИСЕЦ**

**Член 1**

Со оваа одлука општина Кратово пристапува како сосновач на Здружение за рурален развој Локална Акциона Група ОСОГОВСКИ ЛИСЕЦ со седиште во Општинска Зграда на општина Ранковце.

**Член 2**

Со донесување на оваа одлука општина Кратово станува основач и член на Управниот орган на Здружението за рурален развој Локална Акциона Група ОСОГОВСКИ ЛИСЕЦ

За таа цел Градоначалникот на општина Кратово ќе делегира и разрешува член кој ќе учествува во работата на Управниот орган на здружението.

**Член 3**

Со донесување на оваа одлука општина Кратово ги остварува следните права и обврски:

- Да учествува во работата на органите и телата на здружението.
- Да покренува дискусии и прашања од делокруг на работа на собранието на здружението за остварување на целите и задачите на здружението.
- Да се придржува кон одредбите на Статутот на здружението.
- Да работи на обезбедување на материјално-финансиска состојба на здружението.
- Да привлекува други членови.
- Да се залага на осварување на програмските цели и задачи на здружението.
- Да учествува во спроведувањето на сите ставови и заклучоци донесени од органите и телата на здружението.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16- 903/1
29.06.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на објектите на к.п.2353, КО Страцин и к.п.1336, КО Филиповци**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување**

**на објектите на к.п.2353, КО Страцин и к.п.1336, КО Филиповци бр.16-904/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

| | |
|---|---|
| Бр.08-914/1 | **Градоначалник** |
| 01.07.2015 г. | **на општина Кратово** |
| Кратово | Мите Андоновски, с.р. |

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14 и 115/14") и член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата оддржана на 29.06.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на објектите на к.п.2353, КО Страцин и к.п.1336, КО Филиповци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека општина Кратово со идна урбанистичко-планска документација ќе изврши проширување на планскиот опфат и ќе ги вклопи објектите на к.п.2353, м.в.*Центар *, КО Страцин, бесправно изграден од страна на Горан Алексовски со стан на живеење на ул*Радован Ковачевиќ* бр.53 Скопје и к.п.1336, м.в.*Осоје*, КО Филиповци, бесправно изграден од страна на Сашо Ангеловски со стан на ул*Сава Ковачевиќ*бр.31 Скопје.

**Член 2**

Локалитетите за кои се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓаат во м.в.*Центар* КО Страцин, земјиште во сопственост на Горан Алексовски со стан на живеење на ул*Радован Ковачевиќ* бр.53 Скопје и м.в.*Осоје*, КО Филиповци, земјиште сопственост на Сашо Ангеловски со стан на ул*Сава Ковачевиќ* бр.31 Скопје.

**Член 3**

Идната урбанистичко - планска документација се утврдува дека ќе биде со намена А1 домување во станбени куќи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување а ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Кратово*.

| | |
|---|---|
| Бр.16-904/1 | **Претседател** |
| 29.06.2015 г. | **на Советот на општина Кратово** |
| Кратово | Сашо Ѓеоргиевски, с.р. |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените на к.п.294/4, КО Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко - планска**

**документација со која ќе се изврши усогласување на намените на к.п.294/4, КО Кратово бр.16-905/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година.

сопственост на РМ, а изграден дел од објект од страна на Блаже Смиљковски со стан на живеење на ул*Митко Димитров* бр.37 Кратово.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-915/1 — **Градоначалник**
01.07.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (*Службен весник на РМ* бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14), член 2 став 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (*Службен весник на Република Македонија* бр..56/2011) и член 15 од Статутот на Општина Кратово (*Службен Гласник на Општина Кратово* бр.6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година донесе

## О Д Л У К А

**за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените на к.п.294/4.КО Кратово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека Општина Кратово ќе донесе урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување со намените.

**Член 2**

Локалитетот за кој се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените се наоѓа на м.в.*Митко Димитров*, земјиште во

**Член 3**

Намената според постојниот Детален урбанистички план на град Кратово за локацијата со к.п.294/4 е индивидуално домување во станбени куќи, а додека намената на к.п.294/11 е комунална инфраструктура.

**Член 4**

Намената за која се утврдува дека ќе се донесе урбанистичко-планска документација е дел од катастарските парцели 294/11 се усогласи со намената на катастарските парцели 294/4 односно се пренамени во индивидуално домување во станбени куќи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен гласник на Општина Кратово*.

Бр.16-905/1 — **Претседател**
29.06.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проектот "Воспоставување на инфо точка за запознавање на природата во село Каврак"**

**1.Се објавува: Одлука за обезбедување на финансиски средства за поддршка на**

**Проектот "Воспоставување на инфо точка за запознавање на природата во село Каврак" бр.16-907/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-916/1 — **Градоначалник**
01.07.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година, донесе:

## О Д Л У К А

### за обезбедување на финансиски средства за поддршка на Проектот "Воспоставување на инфо точка за запознавање на природата во село Каврак"

**1.** Советот на општина Кратово во Буџетот на општината, превзема обврска и обезбедува средства во износ од 1.040.000,00 денари (еден милион и четириесет илјади денари) за реализирање на Проектот "Воспоставување на инфо точка за запознавање на природата во село Каврак" во рамките на Повикот за предлози на општините од Брегалничкиот слив, реф.бр.01/2015.

**2.** Општината превзема обврска за обезбедување на средства за кофинансирање во висина од 340.000,00 денари односно 48,57% од вкупниот износ обезбеден од страна на Програмата за зачувување на природата во Македонија согласно со насоките за апликантите.

**3.** Предвидените средства од точките 1 и 2 од оваа одлука, Буџетот на општина Кратово ќе ги ефектуира во време кога ќе се обезбедат можности за реализирање на Проектот „Воспоставување на инфо точка за запознавање на природата во село Каврак“ а истите се предвидени во буџетот на општината и се со можност да се ефектуираат кога проектот ќе биде одобрен.

**4.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-907/1 — **Претседател**
29.06.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кратово во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)

**1.Се објавува: Одлука за долгорочно домашно задолжување на Општина Кратово во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP) бр.16-908/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-917/1 — **Градоначалник**
01.07.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11), член 4 од Законот за јавен долг ("Службен весник на Р.М." бр.62/05, 88/08, 35/11 и 139/14) и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/02), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година донесе

**О Д Л У К А**

**за долгорочно домашно задолжување на Општина Кратово во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги (MSIP)**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Кратово, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Проектот за подобрување на општинските услуги финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на **32.107.610 денари**, а со цел финансирање на капитален инвестиционен проект **„Изградба на градски пазар во Кратово“.**

**Член 2**

Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно препозајмување преку Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, под следниве услови:

- **каматна стапка: шест месечен EURIBOR со варијабилен распон**
- **рок на отплата: 13 години**
- **грејс период: 3 години**
- **Последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од 15.02.2030 година**

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кратово".

Бр.16-908/1 — **Претседател**
29.06.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за именување на член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Царка Андреевска" - Кратово**

**1.Се објавува: Решение за именување на член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Царка Андреевска" - Кратово бр.16-906/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-918/1 | **Градоначалник**
01.07.2015 г. | **на општина Кратово**
Кратово | Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на членовите 22 став 1 точка 7, член 36 став 1 точка 5 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за именување на член во Управниот одбор на ЈОУДГ "Царка Андреевска" - Кратово**

**I.** Со Решението Даниела Тодосова - дипломиран правник од Кратово се именува за член во Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца - детска градинка "Царка Андреевска - Кратово, а како претставник на Министерството за труд и социјална политика.

**II.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-906/1 | **Претседател**
29.06.2015 г. | **на Советот на општина Кратово**
Кратово | Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 01.07.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучок со барање до АД "Макпетрол" за отворање на пумпна станица за плин во Кратово**

**1.Се објавува: Заклучок со барање до АД "Макпетрол" за отворање на пумпна станица за плин во Кратово бр.16-909/1,** донесен од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-919/1 | **Градоначалник**
01.07.2015 г. | **на општина Кратово**
Кратово | Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 29.06.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**со барање до АД "Макпетрол"за отворање на пумпна станица за плин во Кратово**

**I.** Со Заклучокот Советот на општина Кратово констатира дека со оглед на тоа што голем број на жители на општина Кратово имаат возила кои користат плин, кој исто така го користат и домаќинствата, а за набавка на истиот се приморани да одат во другите поблиски општини (Пробиштип, Куманово, Штип и други) има неопходна потреба од отворање на пумпна станица за плин и во Кратово.

**II.** Со Заклучокот Советот го задолжува Градоначалникот и службите на општината да превземат мерки и да се обратат до АД "Макпетрол" како би се решил проблемот со снабдувањето со плин на граѓаните на Општина Кратово.

**III.** Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-909/1 **Претседател**
29.06.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

.